РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**Уп1 Бр. 03-368**

**15.10. 2020 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), а во врска со член 51 став 1 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-3596/1 од 30.09.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради необезбедување на информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, од страна на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 37-та седница одржана на 14.10.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-3790/8 од 15.10.2020 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје, заради извршена повреда на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а казнива по член 148 став 1 точка 5 и став 2 од истиот Закон, на начин што Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје во рамките на својот радио програмски сервис, емитуван на 7-ми септември 2020 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Повредата од став 1 од оваа точка, спецdown е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-3596/1 од 30.09.2020 година (кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1).

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

# О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 30-ти септември 2020 година, изврши редовен административен надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје, емитуван на 7-ми септември 2020 година, на регионално ниво, при што констатираше прекршување на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Имено, со надзорот извршен од страна на Агенцијата, констатирано е дека наведениот радиодифузер не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудио медиумска услуга; адресата на седиштето на давателот на аудио медиумска услуга; податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб страницата, одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-3596/1 од 30.09.2020 година, кој е составен ден на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје на 02.10.2020 година, испрати Допис наш Уп1 бр.03-368 од 02.10.2020 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.10-3596/1 од 30.09.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок РТД СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје не се изјасни за стореното прекршувње на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Советот на Агенцијата на 37-та седница одржана на 14.10.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај, при што заклучи на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во врска со член 51 став 1 од истиот Закон и точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 37-та седница одржана на 14.10.2020 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-3790/8 од 15.10.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Радиодифузното

трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

- Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.10-3596/1 од 30.09.2020 година.

**Доставено до:**

- Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје;
- Управителот на Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје;
- Одговорното лице на програмата во Радиодифузното трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

Врз основа на член 20 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20), се доставува:

30.09.2020

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

10-3596/1

1. Вид надзор: Редовен;
2. Субјект на надзорот: Радиодифузно трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ-Скопје;
3. Период опфатен со надзорот: 7 септември 2020 година;
4. Датум на извршување на надзорот: 30 септември 2020 година;
5. Предмет на надзорот:
   - Член 14 од Законот за медиуми (Импресум);
   - Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Информации достапни за корисниците);
   - Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Идентификација на радиодифузер);
6. Претходно изречена мерка: Нема;
7. Констатации од надзорот:

Со редовниот административен надзор врз радио програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ- Скопје, емитуван на 7 септември 2020 година, на регионално ниво, констатирано е прекршување на членот 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: - полното име на давателот на аудио медиумската услуга; - адресата на седиштето на давателот на аудио медиумската услуга; - податоци за контакт (телефонски број, адреса на електронската пошта и/или на веб-страницата; - одговорно лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

Спротивно на членот [illegible] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ Скопје, на 7 септември 2020 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на радио програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво СКАЈ РАДИО Теодор ДООЕЛ Скопје и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*